**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Државен просветен инспекторат**

**Број: 09-1018/3 од 07.07.2020 година**

# ОГУДУ „КОЧО РАЦИН“ - СКОПЈЕ

Конечен извештај од извршена интегрална евалуација

| | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | од 27.11 до 29.11.2019 година |
| **Број на извештај:** | 40 /скопски/2019 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Мирјана Насковска |
| **Вид на воспитно-образовна установа:** | Отворен граѓански универзитет за доживотно учење Кочо Рацин - Скопје |
| **Основач на универзитетот:** | Сојуз на синдикати на Југославија(ССЈ) |
| **Наставен јазик:** | македонски јазик |
| **Број на ученици/учесници:** | 2026 |
| **Број на наставници:** | 10 |
| **Претседател на управен одбор:** | Весна Неделковска |
| **Директор на универзитетот:** | Мане Колев |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 25-28.11.2013 |
| **Адреса на училиштето:** | ул.Мирче Ацев бр.4 - Скопје ,Центар |
| **Телефон:** | 2316 - 3318; 2316 - 3413 |
| **Факс:** | 2316-1224 |
| **e-mail:** | ruracin1@g-mail.com |
| **оцена** | Добар(3) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

# РЕЗИМЕ

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Законот за Просветна инспекција од од 27-29.11.2019 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во ОГУДУ „Кочо Рацин“ – Скопје. За време на надзор инспекторите ги спроведоја сите планирани активности: посета на наставен час и практична вежба, се одржаа планираните состаноци со директорот на училиштето,управниот одбор и наставниците. Се водеа разговори со фокус група на учесници/ученици.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот,евалуацијата во сите седум подрачја тимот од државни просветни инспектори констатира дека севкупното работење на училиштето се оценува **добар(3).**

ОГУДУ „Кочо Рацин“ е работнички универзитет кој реализира програми донесени од страна на ЦССО. Информираноста на универзитетот е медиумска. Афирмацијата на универзитетот е добра.

Универзитетот го следи целокупниот образовен процес, постигањата и работно оспособување на учесниците. Вработените се горди на постигањата. Универзитетот има изградено имиџ. Интересот на слушателите и воопшто на граѓаните за овие форми на образование се доказ дека Универзитетот има висок рејтинг и реноме.

Поддршката и следењето на планирањата на наставниците и организација на предавањата (теоретски и практично ) од страна на директорот е добра. Во процесот на учење и работно оспособување поголем број од наставниците, инструкторите и надворешните соработници користат разновидни средства, техники, форми и методи на работа кои се соодветни на потребите на учениците и учесниците. Воспоставена е добра интеракција помеѓу наставник-ученик,обучувач - учесник.

Простор е безбеден за настава и вежби.Универзитетот има пропишани процедури за заштита од физички повреди,елементарни непогоди.

Соработката со деловната заедница и невладиниот сектор е добра.

Просторните услови и искористеноста на просторните капацитети (училници, работилници, кабинети) се добри. Опременоста со средства/опрема е добра. Раководниот орган буџет добро го планира.

Орган на управување во универзитетот е УО (управен одбор), истиот е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на универзитетот. УО има воспоставено партнерски однос со директорот и другите образовни структури.

Директорот има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на универзитетот. Раководниот орган донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата што се заснива врз најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делигира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Директор на универзитетот во својот период на раководење има превземено и планирано активности кои значително ќе придонесат за подобрување на условите за работа.Приоритет на универзитетот е :

- поголема соработка со невладини организации и бизнис секторот
- верификација на нови наставни програми